**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул. „ Бул. Гоце Делчев“ б.б., 1000 Скопје, Македонија
Тел: + 389 02 5119-813, , е-пошта: coveckiresursi@mrt.com.mk, ***www.mrt.com.mk***

Врз основа на член 132 став (1) алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), член 6 став (2) од Законот вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 143/19 и 14/20) и член 5 став (15) од Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија бр.01-4981/2, од 13.11.2020 година, директорот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија ја донесе следната

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 04-5227/9
30.12.2020 год.
СКОПЈЕ

**ОДЛУКА**

за не вршење на избор во постапка за унапредување по спроведен интерен оглас 24/2020 објавен на 24.11.2020 година

1. **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** на кандидат за пополнување на работно место **ИНФ 03 04 А01 001 - Одговорен уредник на Четврт програмски сервис на Македонско радио – МРА**.
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија, на 24 11.2020 година објави Интерен оглас 24/2020 за пополнување на работно место ИНФ 03 04 А01 001 - Одговорен уредник на Четврт програмски сервис на Македонско радио – МРА. Согласно член 5 од Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија бр.01-4981/2, од 13 11 2020 година, Директорот на ЈРП МРТ со Одлука бр.04-5227/2 од 25.11.2020 година формираше Комисија за селекција за унапредување, која согласно Правилникот спроведе постапка за административна селекција во која е утврдено кои од пријавените кандидати формално ги исполнуваат условите за наведеното работно место за што е изготвен Записник за административна селекција бр 04-5227/3 од 16.12.2020 година, како и постапка на интервју со уредните кандидати кои ги исполнуваат условите на конкурсот за што изготви Записник за спроведување на интервју бр 04-5227/4 од 21 12.2020 година. По спроведеното интервју од страна на Комисијата за селекција до Директорот доставена е финална ранг листа на интервјуирани кандидати со предлог Одлука за избор на прворангираниот кандидат бр.04-5227/5 од 21.12.2020 година. Врз основа на ранг листата, а по обезбедено Мислење на Уредништвото бр.02-5227/6 од 23.12.2020 година, до Програмскиот совет на МРТ беше доставено Барање за согласност заведено под архивски бр.04-5227/7 од 23.12.2020 година за избор на прворангираниот кандидат по интерниот оглас 24/2020. Програмскиот совет на 130-та седница одржана на 25.12 2020 година НЕ даде согласност за избор на прворангираниот кандидат по интерниот оглас 24/2020 за што согласно член 124 став (2) од законот за Аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изготви Писмено известување до Директорот на МРТ бр.02-5227/8 од 28.12.2020 година

МРТ

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул. „ Бул. Гоце Делчев“ б.б., 1000 Скопје, Македонија
Тел: + 389 02 5119-813, , е-пошта: coveckiresursi@mrt.com.mk, *www.mrt.com.mk*

Со оглед на фактот дека согласно член 124 став (2) од законот за Аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, пред да ја донесе одлуката за именување или разрешување на одговорните уредници на МРТ, директорот на МРТ е должен да побара согласност од Програмскиот совет на МРТ. Со барањето за добивање согласност директорот на МРТ го доставува и мислењето на уредништвото. Доколку Програмскиот совет на МРТ не даде согласност за именувањата или разрешувањата на одговорните уредници во МРТ, за тоа писмено ќе го извести директорот на МРТ со детално образложение за причините поради кои не е дадена согласноста. Врз основа на Писменото известување бр.04-5227/8 од 28.12.2020 година од Програмскиот совет на МРТ, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Кандидатот незадоволен од оваа Одлука, има право на жалба до Програмскиот совет во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на МРТ.

Директор на ЈРП МРТ

Марјан Цветковски

Доставено до.

-Одделението за човечки ресурси
-Оделение за ВЕБ, мултимедија и социјални медиуми
-Архива